Комерцијална банка

**Промена на лимити за користење за деловни картички преку Интернет банка**

**Услугата за Промена на лимити за користење за деловни картички преку Интернет банка, Ви овозможува промена на истите во текот на целата година без телефонски повици, без губење време и чекање, што го прави подостапно и поедноставно работењето со деловните картички.**

**Напомена: За да ја користите оваа услуга, задолжително е да имате USB-токен.**

**Дефиниции**:

- ***Дневен лимит на ATM*** - максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, на банкомат,
- ***Дневен лимит на POS -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија,
- ***Дневен лимит за интернет -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, за интернет плаќања,
- ***Дневно трансакции на ATM -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, на банкомат
- ***Дневно трансакции на POS -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија ,
- ***Дневно трансакции на интернет -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, за интернет плаќања,
- ***Лимити за поединечна трансакција -*** максимален износ на трансакција која Корисникот на картичката може да ја направи во трговија, на банкомат или интернет плаќања,
- ***Периодичен лимит на ATM*** - максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично, на банкомат,
- ***Периодичен лимит на POS -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично, во трговија,
- ***Периодичен лимит на интернет -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично, за интернет плаќања,
- ***Периодичен трансакции на ATM -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично, на банкомат,
- ***Периодичен трансакции на POS -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично во трговија ,
- ***Периодичен трансакции на интернет -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи периодично за интернет плаќања.

По успешното најавување се отвара страна на која се прикажани сите опции за работа и соодветни сметки за кои корисникот има претплата.

Со избирање на опцијата Администрирање на деловни платежни картички во полето прегледи се отвара страница:



Со избор на полето Администрација на деловни платежни картички, се избира потребното Правно лице, каде што се отвараат сите типови на картички што ги поседува Правното лице:




Со одбирање на соодветната картичка се отвара страна каде што може да сменат дневните лимити:




Со кликање на плоето “**промени**” се врши измена на постојните лимити со внесување на други (број на трансакции и износ), и се кликнува полето “**потврди**“ за да се сочуваат промените. При кликање на полето потврди треба да се внесе пинот од USB-токен.

**Лица за контакт: Гордана Милутиновиќ и Николина Димитриевска.**
**Тел.02/3168-202**